ДОГОВОР
за меѓусебна соработка
склучен на ден
01.02.2013 год. помеѓу:

1.**Бетон-Про ДОО**,Скопје со седиште на ул.Јуриј Гагарин бр.15, Скопје, **ЕДБС МК:4057012518478** и **ЕМБС:6807720** застапувано од Управител **Жикица Младеновски** , од една страна како нарачател на услугите и

2.Друштво за трговија и услуги **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ** со седиште на ул. Жданец бр. 19-б Скопје,со **ЕДБС МК:403000244360 и ЕМБС:5627940** застапуван од Управител **Соња Јаневска** од друга страна како извршител на услуги.

Член 1

Предмет на договорот е поставување и одржување-чистење на една (1)преносна тоалетна кабина на локациите во Камеленом Краста ,кои ќе ги одреди нарачателот на услугите за неопределен период.

Член 2

Нарачателот на услугата, **Бетон-Про ДОО**,Скопје,има обврска на извршителот на услугата **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ**-Скопје, да му дозволи-определи простор-локации за тоалетните кабини и да обезбеди слободен и непречен пристап за поставување и сервисирање-одржување на истите, со специјално сервисно возило за намената.

Член 3

Нарачателот на услугата, **Бетон-Про ДОО**,Скопје се обврзува да исплати:
-износ од **4.712,00** денари за поставување(лоцирање) на 1(една) тоалетна кабина(еднократно);
-износ од **4.712,00** денари за секој извршен сервис на 1(една) тоалетна кабина;
-износ од **62,00** денари за дневното изнајмување од 1(една) тоалетна кабина;
-износ од **4.712,00**денари за подигнување(дислоцирање) на 1(една)тоалетната кабина(еднократно).
(во износот на поставувањето,подигнувањето и сервисот не е вклучен ДДВ 5% и во износот на изнајмување не е вклучен ДДВ 18%).

Износот во целост вирмански да се исплати по доставувањето на фактурата за извршена услуга од страна на ДТУ **МСС-Мобилен Санитарен Сервис ДООЕЛ Скопје,** до наведениот рок на плаќање во фактурата.
Доколку нарачателот на услугата **Бетон-Про ДОО**,Скопје не обезбеди слободен и непречен пристап до тоалетните кабини заради нивно сервисирање-одржување, има обврска во целост да ја исплати договорената сума како услугата да е извршена.

Член 4

Секој дополнителен сервис-одржување на тоалетната кабина по барање на нарачателот на услугата кој не е вклучен во договорената сума од чл. 3 ст. 1 од овој договор, извршителот има обврска да ја изврши навремено и да ја наплати согласно поединечните суми наведени во член 3 од овој договор.
Во случај на откажување на сервисирање-одржување по вина на нарачателот, а извршителот пристапил кон извршување на услугата договорената сума не се менува и истата ќе биде наплатена.

Член 5

Договорената сума нарачателот на услугата ќе ја исплати по доставување на фактура за извршена услуга од страна на извршителот на услугата **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ** Скопје, до наведениот рок за плаќање на фактур

Член 6

Нарачателот на услугата се обврзува по истекот на договорот да ги врати тоалетните кабини во состојбата во која ги примил. Доколку настане механичко оштетување на преносните тоалетни кабини трошоците за нивно санирање се на товар на нарачателот.
Вредноста на една тоалетна кабина изнесува 60.000,00ден (сумата е без вклучен ДДВ18%).

Член 7

За секое недоразбирање, промена или рекламација на услугата нарачателот се обврзува писмено да го извести извршителот **МСС-Мобилен Санитарен Сервис-ДООЕЛ**,Скопје најдоцна во рок од 2 дена од настанатиот проблем или одлука. Договорот е полноважен и обврзувачки за двете договорни странки од денот на неговото потпишување, без можност за еднострано раскинување на истиот.

Член 8

За секоја промена на овој договор ќе се состави анекс договор.
Договорот е склучен во четири истоветни примероци од кои по два за секоја договорна странка.

Член 9

Во случај на спор, надлежен е основниот Суд Скопје 2-Скопје

**Бетон-Про ДОО**,Скопје
Управител

ЖИКИЦА МЛАДЕНОВСКИ

**ДТУ МСС-ДООЕЛ**- Скопје
Управител

СОЊА ЈАНЕВСКА